*Citizens for change!*

# ЦИВИКА МОБИЛИТАС

# ПАРТНЕРСКИ ГРАНТОВИ

## ПОВИК ЗА ПРЕДЛОЗИ

референтна ознака ЦМ-ПГ

**рок: 30 август 2023 г., 13:00ч.**

## ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ

од информативна сесија во Скопје и по е-маил до 31.07.2023 г. (до 23:59 ч.)

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Цивика мобилитас е проект на Швајцарската амбасада кој го спроведуваат Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во партнерство со НИРАС од Данска и ФЦГ од Шведска

Во продолжение се објавени прашањата во врска со овој повик, поставени на информативната сесија одржана во Скопје (31.07.2023 г.) и пристигнати по електронска пошта на програмата Цивика Мобилитас , поставени до крајниот рок согласно водичот за апликанти.

| **Општи прашања за повикот за пријави на програмата Цивика мобилитас ЦМ-ПГ** | |
|---|---|
| П1. Дали како соработници можат да бидат државни/јавни институции и граѓански организации од странство? | Да, можат. Повеќе детали се дадени во точка 3.1.3. Соработници од водичот за апликанти. Примери за соработници може да погледнете во фуснота 4 (страна 7) во Водичот за апликанти. |
| П2. Дали може предлог проектот да опфаќа две или повеќе од дадените теми? | Да, може. При пополнувањето на концептот мора да се избере една главна специфична област/тема, но тоа не значи дека не може да се опфатат и други теми со предвидените активности. |
| П3. Дали може да се аплицира на тема Филантропија | Предложените активности треба да придонесат кон целта и приоритетите на овој повик. Повеќе информации може да најдете во дел 2.2 Цел на повикот за предлози: и 3.3. Активности во Водичот за апликанти. |
| П4. Доколку е поделен по еден грант по плански регион- дали тоа значи дека партнерските организации треба да бидат од ист плански регион и дали активностите може да бидат спроведени на национално ниво? | Не постои таков критериум. Планираните активности може да се спроведуваат и на национално и на локално ниво.<br>Следниот планиран повик на програмата Цивика мобилтис ќе има критериум кој ќе се однесува на регионалната покриеност.<br>Повеќе информации може да најдете во дел 2.2 Цел на повикот за предлози: и 3.3. Активности во Водичот за апликанти. |
| П5. Во однос на доделените грантови дали ќе се цели кон рамноправност на теми или може сите грантови да бидат на една иста тема? | При процесот за селекција на грантови, Цивика мобилитас ќе се обиде да избере по најмалку еден партнерски грант за секоја од приоритетните специфични теми/области. |
| П6. Во однос на логичката рамка и резултатите дадени, кај Резултат 2. Дали сите 3 показатели се однесуваат на еден партнерски грант да бидат исполнети и дали процентот на показателот Р2.2 50% се однесува на целата грантова шема или се однесува поединечно по партнерски грант, ја гледаме општата цел и ако работиме во сите 8 региони со проектот дали иницијативите се 50% на ниво на исполнетост на еден од партнерски грант или на цела иницијатива? | Не, трите показатели од резултат 2 од логичката рамка не се однесуваат на еден партнерски грант туку на целата програма Цивика мобилтиас односно нејзините предвидени активности и инструменти (меѓу кои и партнерските грантови). |
| П7. Дали може да дадете подетално објаснување на Резултат 2? | Во овој повик за предлози приоритетот е ставен на апликантите и нивното здружување на сили и концентрирање на нивните достигнувања во неколку области/теми, за да постигнат промени |

| | |
|---|---|
| | таму, каде претходно работеле одделно. Предложените партнерски грантови мора да придонесат колку што е можно повеќе кон остварување на Резултат 2: Креирањето политики и донесувањето одлуки имаат придобивки од зајакнатото граѓанско општество и зголеменото граѓанско учество. Самиот резултат е доста опширен и сметаме дека секоја организација може да ги препознае своите активности во него. |
| П8. Колку е минимум/ максимум што може да се побара при аплицирање за грантот? | Максималниот износ на грантовите е до 14.500.000 денари. Нема минимален износ. |
| П9. До кога е рокот за поставување прашања по е-мејл во однос на повикот? | Прашањата може да бидат поставени најдоцна до 31 јули 2023 година (до 23:59). |
| **Прашања за апликантите (носителите и партнерите)** | |
| П10. Дали активностите од партнерскиот грант може да се спроведуваат на локално ниво во соработка со по една општина од секој од 8-те плански региони?<br>Имено, во општата цел на програмата Цивика мобилитас е наведено: „Општествените промени во Северна Македонија се водени од силен граѓански сектор, активни граѓани и добра соработка со властите, што резултира со проширен граѓански простор, поодржливи граѓански организации од кои произлегува потранспарентно, отчетно и социјално-инклузивно управување на национално и локално ниво.“<br>Во географско покривање е наведено: „избраните грантисти (носители и партнери) и нивните активности треба, што е можно повеќе да бидат лоцирани и спроведени на национално ниво и/или во сите осум плански региони“<br>Оттука, партнерството кое го воспоставивме планираме да цели кон „Силни и активни ГО и граѓани во соработка со локалните власти ја унапредуваат транспарентноста/отвореноста за да се зголеми отпорноста од корупција, при што активно ги вклучува граѓаните во процесите на донесување одлуки“ со што директно ќе придонесува кон исполнување на Резултат 2 од Повикот.<br>Но, соработката ја планираме со 8 општини и ве молам за објаснување дали овој начин на соработка е дозволен во рамките на Повикот. | Да, предложените активности од партнерскиот грант може да се спроведуваат на локално ниво во соработка со по една општина од осумте плански региони.<br>Напомена: Општините може да се вклучат како соработници, може да имате предвидено активности насочени кон и со општините, но не можат да бидат партнери на овој повик за партнерски грантови. |
| П.11 Дали организациите партнери можат да ангажираат по договор за дело кадри од | Да, партнерските организации може да ангажираат лица со договор на дело и да ги платат |

| | |
|---|---|
| соработниците и да ги платат од буџетот на проектот? | со средства предвидени за директни трошоци и активности.<br>Не е дозволено директно давање на средства кон соработниците. Повеќе детали се дадени во точка 3.1.3. Соработници од водичот за апликанти. Примери за соработници може да погледнете во фуснота 4 (страна 7) во Водичот за апликанти. |
| П12. Дали од носителот и партнерските организации треба да има по еден вработен а другите да бидат ангажирани со авторски договор? | Нема таков критериум. Доколку бидете поканети за пополнување на целосна апликација ќе побараме јасно дефинирање каков вид однос ќе се заснова со лицата ангажирани во проектот. |
| П13. Дали партнерот со најголемо искуство и најголем буџет треба да биде носител на апликацијата и дали тоа носи повеќе поени при оценувањето. | Не, не постои таков критериум во овој повик. Распределбата на активностите и буџетот ја регулираат носителот и партнерите со меѓусебен договор. |
| П14. Дали носителот треба да биде најбогатиот партнер во однос на финансиски капацитет? | Не, не постои таков критериум во овој повик. Распределбата на активностите и буџетот ја регулираат носителот и партнерите со меѓусебен договор. |
| П15. Дали организации кои претходно имаат добиен грант од Цивика се тие кои што треба да бидат носители, дали може друга организација да биде носител? | Не постои таков критериум во овој повик. Улогите за носител и партнери организациите треба да ги договараат меѓусебно. Истото се однесува и на планираните активности и распределбата на буџетот. |
| П16. Дали партнерите мора да се претходно грантисти на ЦМ? | Не, не постои таков критериум во овој повик. |
| П17. За сите партнери поднесуваме завршни сметки, финансиски и наративни извештаи дали е возможно да вклучиме партнер кој што работи помалку од три години а има одлични капацитети? | Наративното и финансиското известување кон Цивика мобилитас за целиот грант е одговорност на апликантот – носител.<br>Да, можете да вклучите партнер кој што работи помалку од три години. Не постои критериум кој се однесува на тоа кога е регистрирана или колку време постои некоја организација. |
| П18. Дали може да аплицира членка на мрежа (од 6 организации)? Дали членките основачи на мрежата имаат право на посебна апликација како носители/ партнери? | Да, Доколку мрежата е засебно тело регистрирано согласно Законот за здруженија и фондации може да аплицира на повикот и за неа важат истите критериуми наведени во точка 3. Критериуми за подобност од Водичот за апликанти.<br>Во случај мрежата да е засебно тело регистрирано согласно Законот за здруженија и фондации членките основачи имаат право да аплицираат или како партнери на мрежата или во сосема друга апликација како носител или партнер. |
| П19. Како ново основана организација, дали може во искуство на организацијата да се внесе искуството на членовите од истата? | Да, може. Истото треба да биде јасно објаснето во концептот. |
| П20. Дали може партнерот да биде од невладина меѓународна организација? Дали | Не, не е дозволено партнерот да е од надвор од државата. Сите формално регистрирани граѓански |

| | |
|---|---|
| истите може да бидат вклучени како соработници? | организации и непрофитни невладини организации регистрирани во државата се подобни за пријавување во улога на носител или партнер. Повеќе информации за критериумите за подобност може да најдете во дел 3. Критериуми за подобност во Водичот за апликанти. |
| П21. Дали може како организација партнер да се јави комора која според организациската поставеност е регистрирана како здружение на граѓани? | Да, доколку е регистрирана согласно за Законот за здруженија и фондации. Повеќе информации за критериумите за подобност може да најдете во дел 3.1 Критериуми за подобност во Водичот за апликанти. |
| **Прашања поврзани со порталот за регистрација и поднесување на пријавите grants.mk** | |
| П22. Каде треба да се подигнат (upload) тековните состојби на организациите партнери на платформата? | Сите побарани документи на овој повик за предлози треба да се прикачат при пополнување на концептот, поточно во секцијата „документи“. Сите насоки за пополнување на концептот се дадени во Водичот за пополнување концепт. |
| П23. Пријавувам техничка грешка при пополнувањето на секција „предложена интервенција/ активност“ – не се зачувува доколку се внесат повеќе од 720 збора а пишува дека ограничувањето е 1.500.<br>Втор проблем: при додавање на партнерите не стига мејл/ нотификација до партнерите за прифаќање/ конфирмација на партнерството. | Доколку наидете на технички проблем при пополнувањето потребно е да се обратите за помош на мејлот за поддршка support@grants.mk каде што ќе го наведете ЕМБС на вашата организација и описот на проблемот со кој се соочувате. |
| П24. Во делот на Моја организација дали може да се менува ако сме ставиле погрешен документ, и дали со таа грешка ќе му правиме проблем на носителот? | Да, може да менувате во секцијата „Моја организација“ и не, не му правите проблем на носителот се додека сите секции за вашиот профил се комплетирани. Повеќе информации се дадени во Водичот за креирање профил. |
| П25. Дали има и каде може да се најде изјава од партнерите (темплејт)? | Не постои таков образец и не се бара таков документ во оваа фаза на аплицирање – концепт. Верификација на партнерството се потврдува исклучиво онлајн при пополнување на концептот. Потребните документи кои се потребни во оваа (концепт) фаза се наведени во точка 4.2. Комплетирање на аплицирањето од Водичот за апликанти. |
| **Прашања во однос на пополнувањето на пријавата (концептот)** | |
| П26. Дали е дозволено да се користи ко-финансирање in kind и тоа да се вметне во буџетот на проектот?<br>На пример волонтирање или користење други ресурси на организациите партнери за потребите на проектот? | Слично како и правилата и праксата на ЕУ потребно е да има реален и мерлив придонес на сметката каде ќе се финансира проектот. На пример, може да биде плата/или кирија за простории на кои е сопственик организацијата. |

| | |
|---|---|
| П27. Дали кофинансирањето носи дополнителни поени и дали истото може да биде in-кind ? | Не, не постои таков критериум во овој повик.<br>Кофинансирањето не е задолжително но се поттикнува.<br>Слично како и правилата и праксата на ЕУ потребно е да има реален и мерлив придонес на сметката каде ќе се финансира проектот. На пример, може да биде плата/или кирија за простории на кои е сопственик организацијата |
| П28. Поради распределбата на буџетот на носителот на апликацијата и партнерите, односно буџетот на носителот да е максимум 40% од вкупниот буџет, би сакал да прашам дали задолжителните трошоци, ревизијата од приближно 3% и средствата што ќе се потрошат за тематскиот форум, влегуваат во тие 40% кои што ќе бидат доделени на носителот на апликацијата? Во очекување на вашиот одговор. | Распределбата на буџетот и трошоците ја регулираат носителот и партнерите со меѓусебен договор. И задолжителните трошоци може да се распоредат подеднакво или не кај носителот и партнерите. (ревизија, трошоци за тематски форум, учество на ЦМ настани...)<br>Одговорноста за известувањето кон Цивика мобилитас е на носителот. Финансиското известување кон Цивика мобилитас за целиот износ на грантот е одговорност на носителот.<br>Критериум за подобност е износот со кој ќе располага носителот да изнесува најмногу 40% од побараниот буџет (не повеќе). |
| П29. Како оди распределбата на трошоците во буџетот? | Нема таков критериум. Апликантите (носител и партнери) треба да го распоредат буџетот во три задолжителни ставки: Човечки ресурси, оперативни трошоци и директни трошоци и две незадолжителни ставки (индиректни трошоци и резерва). Повеќе информации за подобноста на трошоците се дадени во точка 3.4 Трошоци од Водичот за апликанти. |
| П30. Дали буџетот (60% за партнери) може да се распредели несразмерно меѓу партнерите? | Да, може. Распределбата на буџетот и трошоците ја регулираат носителот и партнерите со меѓусебен договор. |
| П31. Доколку сакаме да донесеме key-speakers од регионот на Западен Балкан дали би се покриле нивните патни трошоци? | Да, може. Повеќе информации за трошоците може да најдете во точка 3.4 Трошоци. |
| П32. Планираме да вклучиме набавка на техничка опрема, до кој процент може да се вклучи таа опрема и тој процент како треба да се распределува меѓу партнерите, дали има ограничување, дали таа опрема може да остане на друга институција? | Нема таков критериум. Распределбата на буџетот и трошоците ја регулираат носителот и партнерите со меѓусебен договор. И ваква набавка може да се распредели помеѓу носителот и партнерите.<br>Отстапувањето на набавена опрема се регулира со договор и одобрение од донаторот. Повеќе информации за подобните и неподобните трошоци може да најдете во точка 3.4 Трошоци од Водичот за апликанти. |
| П33. Во делот за кофинансирање, дали во предлогот треба да се наведе кои активности ќе се финансираат од други донатори? | Не, во оваа фаза на аплицирање – концепт до-волно е да се потврди дека има кофинансирање и да се внесе износот на кофинансирањето. Доколку бидете поканети за пополнување на целосна |

| | |
|---|---|
| | апликација тогаш ќе треба да наведете подетални информации и распределби. |
| П34. Каде се наведуваат организациите соработници во пријавата? | Во оваа фаза на аплицирање (концепт) можете да ги наведете во секција „предложена интервенција / активности“ или во секција „целни групи и директни корисници“. Сите насоки за пополнување на концептот се дадени во Водичот за пополнување концепт. |
| П35. Дали тематските форуми треба да се однесуваат на темата или пошироко како тематски приоритет во вашиот повик и дали треба да се дефинира во концептот или подоцна? | Тематскиот форум не треба да се дефинира во оваа фаза на аплицирање – концепт. Доколку бидете поканети за пополнување на целосна апликација тогаш ќе се утврди форматот и темата на форумот. Согласно Водичот за апликанти точка 3.3. Активности: Секој грантист ќе треба да организира барем еден форум на една специфична/ релевантна тема поврзана со нивниот грант. Овие форуми ќе бидат организирани во консултација со тимот на Цивика мобилитас. |
| П36. Дали тематските форуми мора да бидат во Скопје? | Не, нема таков критериум. Доколку бидете поканети за пополнување на целосна апликација тогаш ќе се утврди и локацијата на форумот. |
| П37. Дали треба да планираме средства за тематски форум? | Да, треба. Повеќе информации за задолжителните трошоците може да најдете во точка 3.4 Трошоци од Водичот за апликанти. |
| **Други прашања...** | |
| П38. Дали за да докажеме дека сме во насока на остварување/подобрување на јавни политики кои се спроведуваат од одредена национална институција треба да обезбедиме писмо за поддршка за иницијативата од институцијата? | Не, писма за поддршка не се бараат и не треба да се доставуваат во оваа фаза на аплицирање (концепт). Доколку бидете поканети за пополнување на целосна апликација може да ви биде побарано да доставите ваков или сличен документ. |
| П39. Дали пријавата може да се симне и да се пополни офлајн? | Процесот за аплицирање е целосно он-лајн. Повеќе информации може да најдете во точка 4. Процес на аплицирање за овој повик за предлози во Водичот за апликанти.<br>На следниот линк достапен е концептот во ворд формат. Истиот можете да го симнете и да го користите за „офлајн“ работа на вашиот концепт, но конечното аплицирање мора да биде он-лајн. |
| П40. Дали ревизијата треба да се спроведе еднаш за целиот период во времетраењето на проектот или да се прават интерни ревизии еднаш годишно? | Да, потребно е да се предвидат трошоци за една надворешна проектна ревизија. Доколку сакате може дел од интерните ревизии (годишни) да ги покриете со средства од ставката за индиректни трошоци. |

| | |
|---|---|
| П41. Дали тематски може да се повикаме и воедно дали носи плус поени доколку се надоврземе на претходен добиен грант од Цивика мобилитас или друг европски проект? | Не постои таков критериум. Во концептот има дел кој се однесува на претходни постигнувања и/или искуства за избраната тема и нивната релевантност за овој повик за предлози која носи одреден број на бодови. |
| П42. Дали има ограничување кога може да се започне со спроведување на проектот? | Согласно прелиминарната временската рамка од Водичот за апликанти се планира грантистите да започнат со спроведување на активности од месец ноември 2023 година. |
| П43. Дали е подобно ново здружение што е во фаза на регистрација да се пријави на овој повик? | Да, доколку се регистрира на време. Сите формално регистрирани граѓански организации и непрофитни невладини организации се подобни за пријавување на овој повик. Повеќе информации за критериумите за подобност може да најдете во дел 3. Критериуми за подобност во Водичот за апликанти. |
| П44. Дали може да бидат вклучени лица кои се со постојан работен однос во јавниот сектор? | Да, може бидат ангажирани хонорарно, надвор од нивното работно време. Доколку бидете поканети за пополнување на целосна апликација ќе побараме јасно дефинирање каков вид однос ќе се заснова со лицата ангажирани во проектот. |

Citizens for change!

# ЦИВИКА МОБИЛИТАС

# ПАРТНЕРСКИ ГРАНТОВИ

## ПОВИК ЗА ПРЕДЛОЗИ

референтна ознака ЦМ-ПГ

## рок: 30 август 2023 г., 13:00ч.

## ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ

од информативни сесии во Штип и Гостивар
и по е-маил до 28.07.2023 г. (до 14:00 ч.)

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС
NIRAS FCG.
Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra
Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Цивика мобилитас е проект на Швајцарската амбасада кој го спроведуваат Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во партнерство со НИРАС од Данска и ФЦГ од Шведска

Во продолжение се објавени прашањата во врска со овој повик, поставени на информативните сесии одржани во Штип (20.07.2023 г.), Гостивар (25.07.2023 г.) и пристигнати по електронска пошта на програмата Цивика Мобилитас, до петок 28.07.2023 г. до 14 часот.

| | |
|---|---|
| **Општи прашања за повикот за пријави на програмата Цивика мобилитас ЦМ-ПГ** | |
| П1. Дали од сега ќе има само партнерски грантови? Дали ќе има и друг тип на грантови? | О1: Овој повик за предлози со референтна ознака ЦМ-ПГ е за партнерски грантови. Предвиден е уште еден тип на грантови кој ќе се објави кон крајот на 2023 година. |
| П2. Колку грантови ќе бидат доделени? | О2: Вкупната сума која е на располагање за овој повик за предлози е 1.800.000 швајцарски франци. Максималниот износ на еден грант може да изнесува 14.500.000 денари. Согласно со расположливиот буџет и зависно од буџетите во пријавите, ќе се доделат 7 или 8 грантови. |
| **Прашања за апликантите (носителите и партнерите)** | |
| П3а. Организација која немала претходна помош од Цивика - дали сите апликации подеднакво ќе се разгледуваат?<br>П3б. Дали предност ќе имаат оние организации кои веќе добиле грант? Дали фокусот ќе биде на тие организации?<br>П3в. Ако организацијата е грантист од претходната фаза, дали е ограничена да аплицира на овој повик? | О3: Сите поднесени концепти рамноправно ќе поминат низ административна проверка и проверка за подобност.<br>Нема предност за организации кои имале претходно добиено грант до програмата Цивика мобилитас. |
| П4: Дали на повикот може да учествуваат организации кои во моментов имаат активни проекти од претходниот повик, чии апликации беа доставени и одберени во Декември 2022 година? | О4: Да, можете. Сите формално регистрирани граѓански организации и непрофитни невладини организации се подобни за пријавување на овој повик. Повеќе информации за критериумите за подобност може да најдете во дел 3. Критериуми за подобност во Водичот за апликанти. |
| П5а. Доколку партнер е новоформирана организација без претходно искуство, дали тоа би претставувало проблем?<br>П5б. Колку време претходно организацијата треба да постои за да може да аплицира како носител или партнер? | О5: Не постои таков критериум. |
| П6. Дали како една од партнерските организации може да се јави и фондација? | О6: Да, доколку е регистрирана согласно за Законот за здруженија и фондации. |
| П7. Дали институтите може да бидат партнери? | О7: Да, доколку се регистрирани според Законот за научно-истражувачка дејност. |
| П8. Дали има ограничување во типот на организација што аплицира? Односно дали мора да биде младинска организација ако аплицира на тема млади? | О8: Не постои таков критериум. |

| | |
|---|---|
| П9а. Дали факултет може да биде партнер?<br>П9б. Како партнер дали може да се пријави и приватен факултет?<br>П9в. Дали планските региони (регионалните центри за развој) може да бидат партнери?<br>П9г: Дали како носители или партнери можат да се пријават Синдикални организации? Ако не, дали можат да се сметаат како Соработници?<br>Дали во целокупната програма на Цивика мобилитас синдикатите се подбни за учество и во која форма? | О9: Не, доколку не се регистрирани според критериумите за подобност на апликантите се дадени во дел 3.1. Актери од Водичот за апликантите. За да биде подобен, носителот и партнерите мора да биде регистриран како:<br>- Граѓанска организација, регистрирана согласно Законот за здруженија и фондации<br>- Други невладини, непрофитни, граѓански здруженија како што се истражувачки институти, регистрирани согласно Законот за научно-истражувачка дејност. |
| П10: Дали имаме право да аплицираме на Повикот како носители или партнери? - регистриран според закон на културни установи, и е непрофитна невладина организација? | О10: Доколку сте регистрирани според законот за културни установи тогаш НЕ сте подобни за аплицирање на овој повик.<br>Критериумите за подобност на апликантите (носител и партнери) се дадени во точка 3.Критериуми за подобност во Водичот за апликанти. |
| П11. Дали може да се аплицира и како носител и како партнер на повикот? | О11: Не, не може. Апликантите на овој повик може да се подобни само доколку поднесат концепт во улога на носител или партнер. Повеќе информации се достапни во точка 3.5 Број на пријави во Водичот за апликанти. |
| П12: Дали веќе потпишаните меморандуми за соработка се доволен доказ и верификација на партнерството или е потребно специјално за проектот со кој се аплицира да се добие писмо од соодветната институција, односно да се Потпише меморандум? | О12: НЕ, потпишани меморандуми не се бараат и не треба да се доставуваат во оваа фаза на аплицирање.<br>Верификација на партнерството се потврдува ис-клучиво онлајн при пополнување на концептот. Повеќе информации во однос на критериумите и партнерствата се достапни во точка 3. Критериуми за подобност во Водичот за апликанти. |
| П13. Што се случува со сојуз на мрежи? Ако е регистриран сојуз на мрежи дали може посебно да аплицира? | О13: Да, Доколку мрежата е засебно тело регистрирано согласно Законот за здруженија и фондации може да аплицира на повикот и за неа важат истите критериуми наведени во точка 3. Критериуми за подобност од Водичот за апликанти. |
| П14: Дали на определен начин влијае членството на една организација во мрежа, доколку и организацијата и мрежата се јават на повикот, при што, организацијата нема да учествува во програмските активности на мрежата, туку со други организации ќе учествува во друг партнерски проект? | О14: Не, не постои таков критериум. Доколку мрежата е засебно тело регистрирано согласно Законот за здруженија и фондации може да аплицира на повикот и за неа важат истите критериуми наведени во точка 3. Критериуми за подобност од Водичот за апликанти. |

| | |
|---|---|
| П15. Дали како партнери може да се пријават членки од мрежата? | О15: Да, доколку мрежата е засебно тело регистрирано согласно Законот за здруженија и фондации може да аплицира на повикот и за неа важат истите критериуми наведени во точка 3. Критериуми за подобност од Водичот за апликанти. |
| П16. Што во случај ако еден партнер се откаже откако се добие грантот? | О16: Досега на сме имале таков случај. |
| **Прашања поврзани со порталот за регистрација и поднесување на пријавите grants.mk** | |
| П17. Дали се што е пополнето се зачувува автоматски на grants.mk? | О17: Не, потребно е после секоја измена да се кликне на копчето ЗАЧУВАЈ. Сите насоки за пополнување на концептот се дадени во Водичот за пополнување концепт кој е достапен онлајн на платформата: www.grants.mk. |
| П18. После регистрација на grants.mk, се зачувуваат само дел од податоците?! Штиклираните ги брише, не ги покажува како зачувани. | О18: Доколку наидете на технички проблем при пополнувањето потребно е да се обратите за помош на мејлот за поддршка support@grants.mk каде што ќе го наведете ЕМБС на вашата организација и описот на проблемот со кој се соочувате. |
| П19а. Дали партнерските организации се регистрираат исто како и носителите, во кој момент го прават тоа?<br>Какви информации внесуваат партнерските организации при аплицирање на сајтот?<br>Која е постапката на внес на податоци за партнерите?<br>П19б. Дали само носителот продолжува со пополнување на концептот на grants.mk? | О19: Сите апликанти (носител и партнери) мора да се регистрирани на платформата: www.grants.mk. Откако ќе се регистрираат, само НОСИТЕЛОТ треба да ги внесе информациите поврзани со концептот односно, да се регистрира на овој повик за предлози. Носителот ги внесува сите дополнително побарани податоци за партнерите поврзани со овој повик. Сите насоки за пополнување на концептот се дадени во Водичот за пополнување концепт кој е достапен онлајн на платформата: www.grants.mk. |
| П20: Каде може да се најде образец - ИЗЈАВА за СОРАБОТКА (соработник - во овој случај Општина)? | О20: Не постои таков образец и не се бара таков документ во оваа фаза на аплицирање – концепт. Потребните документи кои се потребни во оваа (концепт) фаза се наведени во точка 4.2. Комплетирање на аплицирањето од Водичот за апликанти. |
| П21а. Што точно прикачува партнерот при регистрација?<br>П21б. Дали документите (изјава, буџетот) ќе треба да се прикачат на grants.mk? | О21: Партнерот исто како носителот, при регистрација на порталот www.grants.mk во секцијата документи потребно е да го прикачи Статут на организација. Повеќе информации се дадени во Водичот за креирање профил. |
| П22. Дали во процесот на пишување на проектната апликација, може да се вратиме на претходен чекор? | О22: Да, можете. Податоците во концептот можете да ги внесувате и менувате се до моментот на поднесување на апликацијата. |

| | |
|---|---|
| П23. Дали на grants.mk во Мои апликации може да се види поднесената апликација и кај апликантите што се во улога на партнер? | О23: Не, само апликантот – носител има директен пристап до концептот. Во моментот кога ќе се поднесе концептот порака со референтен број и примерок од концептот ќе биде испратен до носителот и партнерите. |
| П24. При регистрација на grants.mk, доколку не е активен мејлот од централен регистар, дали може да се додаде друг мејл и дали истиот ќе се смета за валиден? | О24: Да, може да се додаде/измени мејлот. Повеќе информации се дадени во Водичот за креирање профил. |
| П25. Дали на grants.mk има начин за комуницирање со МЦМС? | О25: Доколку наидете на технички проблем при пополнувањето на вашиот профил и подоцна концептот потребно е да се обратите за помош на мејлот за поддршка support@grants.mk.<br>Доколку имате прашање во однос на овој повик и концептот потребно е да се обратите на helpdesk@civicamobilitas.mk. |
| **Прашања во однос на пополнувањето на пријавата (концептот)** | |
| П26. Дали во концептот и поконкретно анализа на проблемот може/треба да се додадат различни извори (како закони, истражувања)? | О26: Во анализа на ситуацијата и проблемот потребно е да ја опишете јасно специфичната пред-проектна ситуација што вие и вашите партнери би сакале да ја промените. Тоа треба да го постигнете со кратка анализа на конкретниот системски проблем кој би сакале да го решите и притоа да користете релевантни податоци и информации и да ги наведете изворите на тие податоци. |
| П27. Дали може да се додаваат фусноти во концептот? | О27: Нема потреба за фусноти во концептот. |
| П28: Дали проектите задолжително треба да бидат само на една тема, или можно е проектите да обработуваат повеќе од една од прецизираните теми во повикот? | О28: Мора да се избере една главна специфична област/тема при аплицирањето, но тоа не значи дека не може да се опфатат и други теми со предвидените активности. |
| П29. Дали активностите може да се разликуваат помеѓу партнерите? | О29: Да, може. Партнерите спроведуваат дел од активностите исто како носителот. |
| П30. Распределба на финансиски средства помеѓу трите организации (носител и партнери)? Дали носителот на грантот добива поголем процент? Дали мора да е ист соодносот во буџетот меѓу партнерите? | О30: Критериум за подобност е износот со кој ќе располага носителот да изнесува најмногу 40% од побараниот буџет. Делот од буџетот на секој партнер одделно не смее да го надмине износот на носителот. |
| П31. Во оваа првична фаза што точно пополнуваат организациите во однос на трошоци? | О31: Апликантите (носител и партнери) треба да го распоредат буџетот во три задолжителни ставки: Човечки ресурси, оперативни трошоци и директни трошоци и две незадолжителни ставки (индиректни трошоци и резерва). Повеќе информации за подобноста на трошоците се дадени во точка 3.4 Трошоци од Водичот за апликанти. |

| | |
|---|---|
| П32: Дали како трошок може да се пријават оперативни трошоци 100% (во смисла кирија и сметки месечно да бидат покриени 100% од овој проект)? | О32: Подобните и неподобните трошоци се опишани во точка 3.4. Трошоци од Водичот за апликанти. Во зависност од активностите ваквите трошоци може да биде подобни или неподобни. |
| П33. Дали може да ангажираме хонорарно во рамки на буџетот? | О33: Да, можете. |
| П34: Дали на проектот можат да работат лица со договор на дело или мораат да бидат вработени во организацијата според Закон за работни односи на РМ (за да можат да бидат подобни за да земаат месечен хонорар/плата 100% од проектот)? | О34: Не, не мора да има вработени лица. Може да бидат ангажирани и со друг вид договор освен за вработување, односно да се платат хонорари. Доколку бидете поканети за пополнување на целосна апликација ќе побараме јасно дефинирање каков вид однос ќе се заснова со лицата ангажирани во проектот. Трошоците за плати треба да се однесуваат на персоналот вклучен во спроведувањето на предложените активности (вклучително и кај носителот и кај партнерите). |
| П35. Во активностите дали може да се вклучат градежни зафати и реконструкции? | О35: Предложените активности треба да придонесат кон целта и приоритетите на овој повик. Повеќе информации може да најдете во дел 2.2 Цел на повикот за предлози: и 3.3. Активности во Водичот за апликанти. |
| П36. Дали може да се издвојат средства за кампања? Дали како директни трошоци може да се одвојат средства за медиумски активности? | О36: Да, може. Повеќе информации за трошоците може да најдете во точка 3.4 Трошоци. |
| П37. Набавките кои би надминале 2.500 евра одат на отворен тендер или прибирање понуди? | О37: Доколку организацијата има утврдени внатрешни процедури и правилници за набавки се води според нив. Доколку нема потребно е да се води според пропишаните закони. |
| П38. Доколку се нема претходно искуство во пишување буџет, дали тоа би претставувало проблем? Дали да се стави внимание на буџетот или самата разработка на концептот? | О38: Не постои таков критериум. Потенцијалните добитници на грантови ќе работат на нивната целосна пријава со тимот на Цивика мобилитас. Заедно ќе се развиваат и подготвуваат деталните активности, резултати, главна и специфична цел; логичка рамка со конкретни и мерливи показатели за активностите и резултатите; временска рамка за предвидените активности; детален буџет и оправданост за спроведување на партнерскиот грант, итн. |
| П39. Кој го испраќа извештајот кон Цивика? Административниот дел дали го води носителот на грантот? | О39: Наративното и финансиското известување кон Цивика мобилитас за целиот грант е одговорност на носителот (апликантот). |

| **Други прашања...** | |
|---|---|
| П40. Дали е задолжително времетраењето од 30 до 36 месеци на грантот? | О40: Да, Времетраењето на грантовите не може да биде помалку од 30 или повеќе од 36 месеци согласно точка 3.2.2. Времетраење од Водичот за апликанти. |
| П41: Дали САМО ЕДНА ревизија се прави на доделениот грант ИЛИ по една секоја година? | О41: Да, потребно е да се предвидат трошоци за една надворешна проектна ревизија. |
| П42: Дали би било конфликт на интереси доколку сопругата или синот на еден од партнерите се вклучени во предлог иницијативата т.е. дали доколку тие се вклучени во матичните организации би било конфликт на интереси, ИЛИ доколку истите тие бидат вклучени во организацијата носител на грантот? | О42: Не, не постои таков критериум. Доколку бидете поканети за пополнување на целосна апликација ќе побараме јасно дефинирање каков вид однос ќе се заснова со лицата ангажирани во проектот. |